Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ ССКО
Бр. 01-03/25
20.01.2025 год.
Скопје

СИНДИКАЛНА ОРГАНИЗАЦИЈА
НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 411-01/25
20.01.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 203, член 206, член 209 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” број 62/05, 3/06,44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 149/09,10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12,13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15,72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19, 267/20 и 151/21, 288/21 и 111/23), а в.в со член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 143/19, 14/20 и 208/24) и член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија”, број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/4), и членовите 19 и 20 од Законот за приватните агенции за вработување („Службен весник на Република Македонија“ број 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија, број 113/18 и 18/2020”), одредбите од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на РСМ 154/2023) член 153 и 154 од Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје број 05-6663/1 од 03.10.2024 година, Општина Аеродром претставувана од в.д. градоначалникот, Дејан Митески, од една страна и Претседателот на Синдикат на станбено-деловните, комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ, Зоран Антовски, како и Претседателот на Синдикалната Организација на Општина Аеродром, Жарко Костески, од друга страна, на ден 20.01.2025 година, склучија во Општина Аеродром

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08-416/1
20 JAN 2025 год.
СКОПЈЕ

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА НИВО НА РАБОТОДАВЕЦ ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Колективен договор се врши измена и дополна на Колективниот договор на ниво на работодавец – Општина Аеродром Скопје, со број 05-6663/1 од 03.10.2024 година.

## Член 2

(1) Член 101 став 5 се менува и гласи: „Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник, од ставот 4, кои се утврдени со Законот за административни службеници, со овој Колективен договор, зголемен за 54 бодови за ниво А, Б и В, дополнително се зголемува за уште 51 бод за ниво А, Б ,В и Г“.

## Член 3

(1) Во член 101 по став 7 се додава нов став 8 кој гласи: „Додатокот на плата за завршен степен на образование, односно на ниво на квалфикација се зголемува за 25 бода, доколку вработениот има завршено магистерски студии, односно за 51 бод доколку вработениот има завршено докторски студии. Вработените кои сакаат да го остварат правото од став 8 на овој член должни се да достават доказ за завршени магистерски, односно докторски студии, во оригинал или копија заверена на нотар до Одделението за управување со човечки ресурси“.

(2) Во член 101 став 8 станува став 9.

Член 4

(1) Во членот 101 по став 9 се додава нов став 10 кој гласи: „Исплатата на зголемениот износ на бодовите согласно чл. 101 став 5 и 8 од овој Колективен договор, ќе започне да се применува со исплатата на плата за месец јануари 2025 година, во месец февруари 2025 година“.

Член 5

(1) Член 104 став 5 се менува и гласи: „Предлогот за остварување на правото на додаток на плата од член 1 од овој член, заедно со извештајот за извршени работни задачи и постигнатиот процент на реализација на дадените работни задачи, може да поднесе непосредно претпоставениот административен службеник. Предлогот се поднесува до секретарот или до градоначалникот на општината, најдоцна до 22-ри во месецот за претходниот месец“.

Член 6

(1) Член 113 став 3 се менува и гласи: „Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува надоместок во висина од една последна исплатена просечна месечна нето-плата во органот каде што е вработен“.

(2) Член 113 став 5 се менува и гласи: „При заминување во пензија на вработениот му се исплаќа испратнина во висина од две просечни месечни нето-плати во Републиката до денот на исплатата“.

Член 7

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб-страницата на потписниците.

(2) Оваа измена на колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување.

Датум 20.01.2025 година,Скопје

Синдикат на станбено-деловните комунални, локално-самоуправни, водостопански и радиодифузни организации на РМ

Претседател, **Зоран Антовски**

Општина АЕРОДРОМ
в.д. Градоначалник,
**Дејан Митески**

Синдикална организација
на Општина Аеродром
**Претседател, Жарко Костески**